Врз основа на член 55 став 1 и член 49 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), а во врска со член 20 став 1 точка 37 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), со цел јакнење на транспарентноста во работењето на Министерството за одбрана, министерката за одбрана донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за транспарентност во работењето на Министерството за одбрана

**Член 1**

Во Правилникот за транспарентност во работењето на Министерството за одбрана, бр.01-342/1 од 12.01.2018 година, во членот 4 став 4 и 5, зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

**Член 2**

По членот 5 се додава нов член 5-а, кој гласи:

„Член 5-а

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер во Министерството, по доставувањето на одговорот до барателот, истиот заедно со барањето за пристап до информации од јавен карактер ги доставува до Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка.

По истек на две недели од одговорот на барањето, Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка ги објавува барањето и одговорот на веб страната на Министерството за одбрана, откако претходно ќе ги отстрани податоците за идентитетот на барателот.

По исклучок, барателот може да побара рокот за објавување на одговорот и барањето за пристап до информации од јавен карактер да биде подолг од две недели, најмногу до еден месец од денот на доставување на одговорот до барателот.“

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-323/1
14-01-2021 2021 година

*МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА*
*Радмила Шекеринска-Јанковска*

Изработил:Елма Имери
Контролирал: Арефат Весељи
Согласен:Драган Николиќ